Архивски број: 08-257/1
26-02-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-688/1 од 4.11.2024 година поднесена од од Дебар, со адреса на ул. преку адвокат полномошник ч од Скопје, со седиште на ул. 5р. ?, против Дирекција за безбедност на класифицирани информации на Република Северна Македонија, со седиште на ул. Васко Карангелески бр. 8 во Скопје и Агенција за национална безбедност на Република Северна Македонија, со седиште на ул. Димче Мирчев бр. 9 во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден 14.2.2025 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Дирекција за безбедност на класифицирани информации на Република Северна Македонија („**ДБКИ**") и Агенција за национална безбедност на Република Северна Македонија („**АНБ**") врз подносителот рз основа на етничка припадност и личен или општествен статус во областа на работата и работните односи.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-688/1 од 4.11.2024 година, од страна на од Дебар, преку адвокат полномошник од Скопје, против Дирекција за безбедност на класифицирани информации на Република Северна Македонија и Агенција за национална безбедност на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и личен или општествен статус во областа на работата и работните односи.

Според наводите од претставката, подносителот благовремено поднел жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („**Државната комисија**") против Решение ОУ бр. 15-1668/2 од 30.4.2024 година на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. Со предметното решение на ДБКИ, на му било одбиено барањето за издавање на нов национален безбедносен сертификат со степен „строго доверливо". Според него, истото било направено со сторување повторена и продолжена дискриминација и со злоупотреба на критериуми и практики повеќе од пет години. Имено, во решението било „утврдено дека не се исполнети предвидените услови од член 41 став 1 алинеја 5 и алинеја 10 од Законот за класифицирани информации за издавање на национален безбедносен сертификат со степен „строго доверливо"", но без конкретно наведени и образложени причини и без доставени материјални докази. Воедно, ДБКИ не ги испочитувала законските рокови за спроведување на постапката за безбедносна проверка, која трае најмногу до шест месеци за безбедносна проверка од втор степен. воето барање го поднел до органот на 13.12.2022 година, заведено кај органот на ден 16.12.2022 година под ОУ бр. 15-4121/1, додека пак решението со кое одлучил по барањето го донел по дури 24 месеци.

Подносителот тврди дека ДБКИ не зела предвид дека од страна на АНБ при оперативната безбедносна проверка воопшто не било постапено согласно член 5 став 1 точка 6 од Уредбата за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации, кој гласи: „Ако првичните резултати од проверката откриле потенцијално негативни информации, спроведување на интервју со лицето-барател на безбедносен сертификат или лицата за контакт наведени во безбедносниот прашалник со цел добивање на дополнителни информации кои би можеле да влијаат при утврдувањето на лојалноста, доверливоста и безбедносниот ризик кај лицето". Во овој контекст подносителот потенцира дека службените лица од АНБ иако биле должни, не спровеле интервју со него, а дополнително и тврди дека биле примени во АНБ спротивно на критериумите, односно без полиграфско тестирање и без тест за интегритет. Дополнително истакнува дека ниту еднаш во периодот кога ДБКИ решавала по неговото барање, не бил повикан лично да даде исказ и не бил сослушан како би можел органот да ја базира својата одлука врз основа на веродостојни искази, факти и аргументи, па врз основа на нив да формира свое мислење за фактите кои му се предочуваат.

Подносителот наведува дека сето погоре наведено произлегува уште од поднесена тужба пред Управниот суд на Република Северна Македонија, со која било оспорено првото Решение од Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен УП бр. 1108-477 од 25.10.2019 година и првото Решение од Дирекција за безбедност на класифицирани информации ОУ бр. 09/4-374/2 од 2.4.2019 година. Управниот суд постапувајќи по тужбата донел Пресуда У-6 бр. 813/2020 од 15.10.2020 година, со која тужбата била уважена. Сепак, Државната комисија при повторното постапување не ги испочитувала насоките дадени во пресудата на Управниот суд, па со Решение УП бр. 1108-477 од 1.7.2021 година не ја утврдила фактичката состојба правилно и целосно, односно не ги утврдила на јасен и недвосмислен начин причините поради кои се одбива барањето за издавање на национален безбедносен сертификат.

Претставката ја поднесува затоа што се сомнева дека оперативните безбедносни проверки заради издавање на нов безбедносен сертификат со степен „строго доверливо" од страна на тогашната Управа за безбедност и контраразузнавање („**УБК**")- Дебар (сега Оддел на АНБ- Дебар и Охрид), од каде што смета дека започнал процесот на дискриминација и реваншизам, биле извршени или испорачани од страна на бившиот началник на УБК- Дебар, , (сега веќе пензиониран) и инспекторот на УБК- Дебар, , а со истото продолжил и сегашниот началник на АНБ- Дебар, , со други службени лица од Дебар, Струга и Охрид. Смета дека наведените лица внеле лажни, невистинити и непотврдени податоци, со цел дискриминаторски да му наштетат на неговиот углед, авторитет и дигнитет, а со намера да го спречат во понатамошната кариера за унапредување на повисоки работни места во Министерството за внатрешни работи („**МВР**"), иако тој моментално има највисоко образование од сите вработени во Надворешната канцеларија за криминалистички работи- Дебар.

Дополнително истакнува дека во поглед на доверливоста, квалитетот на извршување на работните задачи, одговорноста и навременоста, досега од старешините немало никакви забелешки , ниту пак против него во досегашната кариера била водена било каква дисциплинска, прекршочна или кривична постапка во која му била изречена мерка на безбедност- забрана за вршење дејност со пристап до класифицирани информации. Оттука смета дека службените лица кои ги спровеле оперативните безбедносни проверки дале необјективна оцена за него, без аргументи, факти и докази, од што бил изведен и погрешен заклучок дека тој не ги исполнува условите за издавање на нов безбедносен сертификат со степен „строго доверливо".

Сомнежот за службените лица кои ги спровеле оперативните безбедносни проверки ги базира врз основа на преземени службени мерки и активности и извршени проверки во текот на 2016 година од негова страна против фирма поврзана со лицето (брат на тогашниот началник на УБК- Дебар, заради утврдување на

неправилности во работењето на таа фирма. Оттука, направените проверки кон него од страна на истите службени лица ги гледа како дискриминација, односно реваншизам и обид за зацрнување на неговата кариера во МВР, неговиот углед и авторитет. Во оваа насока, на ден 16.7.2019 година остварил непосреден контакт со тогашниот началник на УБК- Дебар, , со цел од негова страна да добие појаснување за извршените оперативни безбедносни проверки, затоа што од нивна страна при проверките било одговорено негативно. Во текот на разговорот му било објаснето дека биле извршени оперативни безбедносни проверки за него како и за сите други вработени во МВР-Дебар, па преку СВР-Охрид било одговорено на МВР во Скопје. На прашањето поради кои причини при проверките било одговорено негативно за него, тогашниот началник му рекол: „Не е проблем, ти не си таков каков што те опишале во проверките, ти доаѓаш од високо образовано семејство, со татко ти се познавам добро и многу го почитувам, а и тебе како колега и како високо образована личност, но мене ми доаѓале информации дека ти имаш пишано оперативни информации против мене за мојата фирма, дека се занимава со енергетски пијалоци без декларација и без соодветна документација, дека ти го имаш сликано мојот објект " и дека секогаш кога ти се имам јавено за ургенции околу пуштање и неказнување на мои познаници ти си одбивал. Пак јас во другите проверки кои би дошле за околу шест месеци ти ветувам дека од наша страна проверките ќе бидат извршени соодветно и ќе биде одговорено позитивно, како што навистина треба и заслужуваш, без да ти нанесеме штета во работата".

Покрај ова, на ден 27.8.2016 година, постапувајќи согласно неговите овластувања како заменик командир на полициската станица од општа надлежност-Дебар, вршејќи контролна служба на УПС на терен, на ул. Амди Леши пред забележано било товарно моторно возило марка Ивеко со гостиварски регистарски таблички, управувано исто така од лице од Гостивар. Преземени биле соодветни мерки и активности за докажување на незаконитост, бидејќи постоеле основи на сомневање околу прикажаната документација. Меѓутоа, на тогашниот началник на ОУБК-Дебар (бидејќи се познавал лично со затекнатото лице), не му се допаднале преземените мерки и воопшто што тој бил присутен таму и немало место за манипулација. Лицето кое било застанато тврдело дека пред да биде затекнат од нивна страна, истиот ден носел околу 150 пакети од по 24 парчиња енергетски пијалаци „Б-52" во продавницата Дебар, сопственост на . на ), притоа истите му ги давал, односно растоварал, без никаква фактура-документација.

Во оваа смисла се сомнева дека проверките за одобрување на нов безбедносен сертификат се извршени дискриминаторски и во одмаздничи стил, по однапред смислен план помеѓу тогашниот началник на УБК-Дебар, , тогашниот инспектор и сегашниот началник на АНБ-Дебар кои се во многу блиски односи, а сопругата на веќе неколку години работи во горенаведената трговска фирма- сопственост на ки. Оттука смета дека предметот не бил решен позитивно, меѓу другото, и заради личен и фамилијарен интерес на , односно за неговата сопруга да не го изгуби работниот однос. За наведениот настан истакнува дека постои Службена белешка за преземени мерки и активности во врска со преглед на ТМВ евидентирано под бр. 2448 од 27.8.2016 година.

Понатаму истакнува дека во МВР работи речиси 17 години, а безбедносен сертификат поседувал до 9.5.2018 година и никогаш не извршил злоупотреба или издавање на класифицирани информации. Со неиздавањето на нов безбедносен сертификат, смета дека му е нанесена голема штета за унапредување во полициската кариера на повисоки работни места, а во конкретниот случај со донесеното негативно решение е неизвесна и неговата работна позиција, поради тоа што работодавачот ќе може да го отстрани од работа поради немање на безбедносен сертификат..

Во прилог на тврдењата за сторена дискриминација ја посочува и емисијата „На кавга со Иван" емитувана на одина, каде гостин вели: „таа работа во

Македонија, за жал, се злоупотреби за на некои луѓе да им биде нанесена штета, посебно на врвни професионалци, кои со години работеле во службите [...] Одигра една лоша улога, гнасна улога, грозна улога, сакајќи да елиминираат свои колеги, политички го злоупотребија процесот на издавање на НАТО сертификат во внатрешната наша домашна процедура [...] да се оцрнат и елиминираат професионалци што работат во тие служби и кои што во случај на промена на власта би дошле на врвни позиции, значи еден вид на отстрел сосема непотребен, значи луѓе кои во оваа држава вложиле многу".

Наведува дека во претходниот период лично од вмешаните инспектори во АНБ-Дебар горе-долу бил запознаен со причината за одбивање на безбедносен сертификат, но воопшто не се согласува со таквите предрасуди, бидејќи тој лично никогаш немал никаква поврзаност со лицето со кое било поврзано неговото име во безбедносните проверки. Земајќи ја предвид оваа околност, тогаш вели дека пропорционално би требало и дел од самите инспектори од АНБ-Дебар, конкретен пример , да не бидат во редовите на АНБ.

Сомнежот дека службените лица кои ги спроведувале оперативните безбедносни проверки соработувале со одредени криминални групи ја базира и на пет доставени анонимни писма со неточна содржина на ден 24.6.2024 година на пет различни адреси, меѓу кои и во ОВР-Дебар. Во консултација со Јавното обвинителство, во просториите на НК за КР-Дебар при ОВР-Дебар на ден 1.7.2024 година го пријавил кривичното дело „демнење", а по преземени мерки и активности сторителите биле откриени и против нив била покрената кривична постапка.

<u>Во прилог на претставката беа доставени следните докази:</u>

1. Копија од лична карта;
2. Решение од Дирекција за безбедност на класифицирани информации бр. 15-1668/2 од 30.4.2024 година;
3. Жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен од 17.10.2024 година;
4. Тужба пред Управен суд на РСМ од 28.2.2020 година;
5. Пресуда У-6 бр. 813/2020 од 15.10.2020 од Управен суд на РСМ;
6. Решение од Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен УП бр. 1108-477 од 1.7.2021 година;
7. Уверение за деловна способност РВПП-440/24 од 31.10.2024 година од Основен суд Дебар;
8. Потврда дека не е изречена санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност КР-2246/24 од 31.10.2024 година од Основен суд Дебар;
9. Уверение за неосудуваност КР-2247/24 од 31.10.2024 година од Основен суд Дебар;
10. Сертификат за успешно завршување на Курс за класифицирани информации од 23.11.2022 година од ДБКИ;
11. Службена белешка за преземени мерки и активности бр. 2448 од 27.8.2016 година од ПС од ОН-Дебар;
12. Тековна состојба од фирмата ЈИС Компани ДОО Дебар;
13. Пресуда од Европскиот суд за човекови права, случај J против Република Македонија (Жалба бр.19017/16) од 17.5.2018 година;
14. Известување бр. 23.25.8.2-1952/1 од 12.9.2024 година од НК за КР-Дебар при ОВР-Дебар со прилог Записник за примање на пријава бр. 23.25.8.2-2031 од 1.7.2024 година од НК за КР-Дебар при ОВР-Дебар;
15. Известување до Влада на РСМ од 16.9.2024 година;
16. Известување-писмен одговор од Влада со арх. бр. 46-80/2 од 18.9.2024 година;
17. Копија од безбедносен сертификат со степен „строго доверливо" бр. здаден на година со важност до година од ДБКИ;
18. Полномошно.

На ден 2.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Дополнување на претставка архивирано под арх. бр. 08-688/2 од страна на подносителот ' у.

Во дополнувањето тој врши прецизирање на одредени моменти во врска со наводната дискриминација врз основа на симпатии кон одредена политичка партија. Наведува дека покрај ситуациите наведени во претставката, треба да се земе предвид и фактот за неговото незаконско разрешување од позицијата Заменик командир на ПС од ОН-Дебар и распоредувањето на работно место Виш инспектор за општ криминалитет во НК за КР-Дебар против негова волја на ден 31.7.2018 година. Смета дека тоа распоредување е направено од страна на тогашното раководство на МВР од редовите на СДСМ, а поради неговите симпатии кон политичката партија ВМРО-ДПМНЕ и поради неговата националност како албанец. Истакнува дека од промената на власта во 2017 година, односно по доаѓање на власт на СДСМ, бил дискриминиран по разни основи, а најмногу врз основа на неговата политичка симпатија и националност, особено затоа што до 9.5.2018 година поседувал безбедносен сертификат и до тогаш никогаш немало забелешки по основ на неговите перформанси и квалитети, а потоа истиот безбедносен сертификат не му бил продолжен. Наведува дека во Дебар од страна на тогашната УБК и сегашната АНБ, во врска со издавање на безбедносни сертификати најмногу од сите биле дискриминирани симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ. Последно напоменува дека по добивање на негативните решенија, а по насоки на доктори специјалисти од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Дебар, користел боледување бидејќи е вознемирен и претрпел стрес.

<u>Во прилог на дополнувањето беа доставени следните докази:</u>

1. Претставка до Надворешна канцеларија за криминалистички работи-Дебар против . од ' , Началник на НК за КР-Дебар;
2. Извештај од специјалист од 3.9.2019 година;
3. Извештај од специјалист од 14.9.2019 година;
4. ЕКГ снимка од 3.9.2019 година;
5. Извештај за привремена спреченост за работа од 24.9.2019 година;
6. Извештај од специјалист од 29.2.2020 година;
7. Извештај од специјалист од 2.3.2020 година;
8. Извештај за привремена спреченост за работа од 2.3.2020 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 5.12.2024 година испрати Известување бр. 08-688/3 за произнесување по наводите од претставката до ДБКИ и Известување бр. 08-688/4 за произнесување по наводите од претставката до АНБ.

На ден 19.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Произнесување по наводите од претставката од страна на Агенцијата за национална безбедност, заведено под бр. ин. 08-1/1.

Од Агенцијата за национална безбедност информираат дека до нив било доставено Барање од 31.1.2023 година за оперативна проверка од страна на ДБКИ. Барањето било испратено на постапување до надлежната организациска единица на АНБ во Охрид на 3.2.2023 година. Од надлежната организациска единица во Охрид бил доставен одговор до надлежната организациска единица за безбедносни провери, **со оценка дека постои ризик**.
По доставување на одговорот, предметот од страна на надлежната организациска единица за безбедносни проверки бил испратен на дополнително мислење во оперативните организациски единици на централно ниво, од каде од едната единица пристигнал одговор **со оценка дека постои ризик.**

По комплетирање на предметот, од страна на АНБ бил испратен Одговор до ДБКИ со Акт Инт.бр.02-2201/1 од 1.3.2024 година.
Со оглед на наведеното, сметаат дека оперативно безбедносната проверка за именуваното лице од страна на АНБ била извршена професионално.

Во однос на наводите од претставката дека за именуваното лице доцна било изготвено решение и долго траела постапката, известуваат дека АНБ не располага со податоци за причините поради кои надлежниот орган, односно ДБКИ, изготвил решение на 30.4.2024 година, два месеци по добивање на одговорот.
Воедно укажуваат дека постапката за проверка на именуваното лице траела 14 месеци во АНБ од причина што при вршење на истата се добиени податоци кои укажуваат на постоење на ризик. Исто така, посочуваат дека согласно член 57 став 2 од Законот за класифицирани информации во решението за одбивање на барањето за издавање на безбедносен сертификат не се дава образложение за причините за одбивање на барањето за издавање на безбедносен сертификат, а согласно став 3 од истиот член, лицето чие барање е одбиено може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во однос на постапката за издавање на безбедносниот сертификат.

Во контекст на наведеното посочуваат дека и согласно член 11 од Уредбата за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации пред издавањето на безбедносниот сертификат може да бидат побарани на увид документите од спроведената проверка.
Во однос на лекарските извештаи кои се доставени како доказ кон претставката, истакнуваат дека од истите е видно дека болеста и повредата е случена надвор од работа, а наводите за психичкото малтретирање при вршењето на службата или нарушените односи со вработени во МВР или АНБ само по себе не претставуваат никаков доказ.

Во поглед на наводите во претставката дека не било спроведено интервју со лицето-барател на безбедносен сертификат, укажуваат дека ниту Законот за класифицирани информации, ниту Уредбата за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации не прецизираат задолжително интервју во постапката за добивање на безбедносен сертификат со степен „строго доверливо“.
Во однос на наводите за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност, укажуваат дека согласно член 66 став 1 алинеја 8 од Законот за внатрешни работи, работен однос во МВР може да заснова лице кое покрај другите општи услови, го исполнува и условот да не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија.
Согласно член 168 од истиот закон, работник во Министерството не смее да биде член на политичка партија, да основа, раководи, да ја застапува или претставува политичката партија или да биде член на органи и тела на политичка партија. Работник во Министерството не смее да носи или истакнува партиски симболи во просториите или во службените возила на Министерството, партиски да се организира или дејствува во Министерството.
Исто така се повикуваат и на член 187 став 1 точка 21, согласно со кој членувањето во политичка партија, основањето, раководењето, застапувањето, претставувањето политичка партија, членувањето во органите на партијата утврдени со нејзиниот статут, изразувањето и застапувањето партиски ставови и убедувањето во вршењето на работите и задачите, носењето или истакнувањето партиски симболи во просториите или во службените возила на Министерството, партиско организирање или дејствување во Министерството, претставува потежок случај на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски.

Со оглед на наведеното, како и со оглед на тоа дека именуваното лице е работник во МВР и бараниот безбедносен сертификат е за пристап до класифицирани информации во

Министерството, сметаат дека беспредметни се наводите дека истиот е дискриминиран по основа на политичка припадност.
Воедно укажуваат дека АНБ при вршење на оперативно безбедносните проверки, како и при давањето оценка за постоење на безбедносен ризик, не се води од етничка, политичка, општествено-лична и расна дискриминација.

Информираат и дека по однос на предметната работа од страна на лицето била поднесена претставка и до Народниот правобранител, за што АНБ има доставено одговор.

На ден 23.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Произнесување по наводите од претставката од страна на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, заведено под бр. ин. 08-1/2.

Од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации информираат дека МВР поднело барање за издавање на национален безбедносен сертификат за пристап до класифицирани информации со степен „строго доверливо" за лицето од Дебар до нив. Постапувајќи по барањето, ДБКИ доставила Барање за проверка на лице за кое треба да се издаде безбедносен сертификат до АНБ, со цел да се изврши безбедносна проверка од втор степен на погоре наведеното лице.

Во ДБКИ бил доставен Допис-Одговор од страна на АНБ за извршена безбедносна проверка од втор степен за лицето , при што било утврдено дека постојат пречки за издавање на безбедносен сертификат со степен „строго доверливо".

ДБКИ постапувајќи согласно Законот за класифицирани информации и подзаконските акти со кои се регулира заштитата на класифицираните информации, преземала активности и дејствија и донела Решение за одбивање на барањето за издавање на национален безбедносен сертификат со степен „строго доверливо" за лицето ОУ.бр.15-1668/2 од 30.4.2024 година.

ДБКИ утврдила дека не се исполнети условите за издавање на национален безбедносен сертификат за пристап до класифицирани информации со степен „строго доверливо", предвидени во член 41 и 50 од Законот за класифицирани информации.

Наведуваат дека во Решението за одбивање на барањето за издавање на безбедносен сертификат не се дава образложение за причините за одбивање на барањето за издавање на безбедносен сертификат, согласно член 57 став 2 од Законот за класифицирани информации. Против решението за одбивање на барањето за издавање на безбедносен сертификат, лицето чие барање е одбиено може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен согласно член 57 став 3 од Законот за класифицирани информации.

Решението за одбивање на барањето за издавање на безбедносен сертификат ОУ.бр.15-1668/2 од 30.4.2024 година со прилог доставница било доставено до офицерот за безбедност на класифицирани информации во МВР за да се изврши лично доставување на барателот за издавање на национален безбедносен сертификат. Во ДБКИ била доставена уредно потпишаната доставница за извршен прием на предметното решение на

Понатаму, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен доставила Административно писмо за доставување на списи со број 1113/53 од 1.11.2024 година до ДБКИ, по поднесена жалба од лицето на ден 17.10.2024 година. По истото било постапено и до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен биле доставени Одговор на жалба и копии од бараните списи заради понатамошно постапување, со допис инт.бр.15-1668/5 од 3.12.2024 година.

Последно, од Народниот правобранител било доставено Барање објаснување, информации и докази за наводите во претставката НП бр. 2400/24 од 21.11.2024 година, по истиот било постапено и бил доставен допис до Народниот правобранител со бараните објаснувања и информации, ОУ бр.15-5467/1 од 5.12.2024 година.

Согласно со вака добиените сознанија, а со цел правилно утврдување на фактичката состојба и соодветно одлучување по претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 29 став 1 и член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 25.12.2024 година испрати Барање за вршење увид бр. 08-688/5 до АНБ. До моментот на носењето на ова мислење, од страна на АНБ не беше доставен одговор на Барањето за вршење увид.

По увид во наводите од претставката, произнесувањата и севкупно приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Предмет на претставката е постапката за издавање на национален безбедносен сертификат со степен „строго доверливо“ на подносителот на претставката која се водела пред Агенцијата за национална безбедност и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, за која подносителот изнесе тврдење за сторена дискриминација.

Имено, МВР поднело барање за издавање на национален безбедносен сертификат за пристап до класифицирани информации со степен „строго доверливо“за лицето Дебар до ДБКИ. Постапувајќи по барањето, ДБКИ доставила Барање за оперативна проверка до АНБ.

По комплетирање на предметот пред АНБ, од нивна страна бил испратен Одговор до ДБКИ со кој било утврдено дека постојат пречки за издавање на безбедносен сертификат со степен „строго доверливо“.

ДБКИ оттука донела Решение за одбивање на барањето за издавање на национален безбедносен сертификат со степен „строго доверливо“ за лицето со ОУ.бр.15-1668/2 од 30.4.2024 година.

Во оваа насока, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што **се заснова на дискриминаторска основа**, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“.*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа“.*

Во смисла на наведеното, за да постои дискриминација во конкретниот случај, потребно е да постои понеповолен третман кон подносителот во однос на третманот на останатите баратели на национален безбедносен сертификат и воедно каузалност помеѓу тој третман и дискриминаторската основа. Фактот што на подносителот на претставката му било одбиено барањето за доделување на национален безбедносен сертификат, заедно со етничката припадност, политичкото уверување и личниот и општествен статус наведени како дискриминаторски основи, сами по себе не се доволни за да се извлече заклучок за нееднаков третман во споредба со некој друг.

Во оваа насока, Комисијата не пронајде релевантни околности од кои би можело да се заклучи дека на други баратели на национален безбедносен сертификат, со различна политичка или етничка припадност од онаа на подносителот на претставката, им биле одобрувани барањата за национален безбедносен сертификат, а додека пак истата околност кај подносителот претставувала пречка. Со ова, Комисијата утврди дека не постои каузалност помеѓу наведените дискриминаторски основи во претставката и наводниот дискриминаторски третман.

Дополнително, Комисијата го ценеше фактот што Агенцијата за национална безбедност утврдила дека постојат пречки за издавање на безбедносен сертификат со степен „строго доверливо", по што Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации донела Решение за одбивање на барањето за издавање на национален безбедносен сертификат со степен „строго доверливо" и во овој контекст, Комисијата укажува дека нема надлежност да ги преиспитува работата и донесените акти на наведените институции.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Адвокат ул. бр. Скопје
- Агенција за национална безбедност, ул. Димче Мирчев бр. 9, 1000 Скопје
- Дирекција за безбедност на класифицирани информации, ул. Васко Карангелески бр. 8, 1000 Скопје

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk